Бр./Nr 12-3162/2
05.01. г./v.2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносител – физичко лице, на 45-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 30 Декември 2020 година, донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12- 3162/1 од 19.06.2019 година, доставена од подносителот --------------------------- преку електронската адреса ------------------------------ СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3162 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 3162/1 од 19.06.2019 година.

Предметот со број 12-3162 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Примерок од одлуката, со прилог копии од списите на предметот, да се достави до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Образложение

Предметот со број 12-3162 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12-3162/1 од 19.06.2019 година, од подносител - физичко лице, ------------------------ преку електронската адреса ----------------------------------.

Пријавата содржи наводи и сомневања за коруптивни дејствија на службено лице – судија , односно и сомневања за даден поткуп и противзаконито влијание на одговорно лице во трговско друштво - Претседател на Управен одбор на ------------------------- во кое друштво подносителот е поранешен ----------------------, а истовремено и сопственик на акции на посоченото акционерско друштво.

Од содржината на пријавата произлегува дека подносителот на пријавата во периодот 2004-2005 година бил изложен на притисоци и закани поврзано со акциите што ги поседувал како и со акциите на други лица - вработени на раководни места во трговското друштво, а бил изложен и на мобинг, а од истите причини има дадено отказ на својот договор за работа во -------------------.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во основа пријавата е поднесена поврзано со незадоволство на подносителот од судска одлука донесена во предмет и постапка водени пред Апелациониот суд во ------------------------. Овој суд, според наводите на подносителот, во постапка по жалба против пресуда **КЖ БР 615/13** на Основниот суд во ------------------------------------, ја поништил одлуката на првостепениот суд со која на ------------------------------------------------ му била изречена условна осуда наместо утврдената казна затвор и воедно по однос на досуденото право на надомест на штета одлучил на штета на подносителот на пријавата доставена до Државната комисија.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, дека се работи состојба која се должи на повреда на остварување на права поврзани со сопственост на акции, како и за противправни дејствија кои се случиле пред седум или повеќе години, и дека за истите била/е донесена одлука од надлежниот орган – Апелациониот суд во --------------------. Последоателно, од аспект на сомневањата за противзаконито влијание врз судија/судии кои постапувале во посочениот пријавен случај Државната комисија оцени дека дека нивната евентуална потврда и санкционирање спаѓа во надлежност на други надлежни органи во Република Северна Македонија.

Според наводите содржани во пријавата бр. 12-3162/1 и од причини, како е погоре наведено, Државната комисија оцени дека истата не содржи елементи кои би претставувале основ за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Поврзано со незадоволството и сомневањата за незаконито постапување на судијата/судиите кои постапувале во предметот и постапката водени пред Апелациониот суд во -----------------, копија од одлуката на Државната комисија, со прилог копии од списите на предметот, заради запознавање со конкретниот случај и проценка за евентуално надлежно постапување, да се достави до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 30 Декември 2020 година по број 12-3162/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: м-р В.Ѓ., член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот
-Судски Совет на РСМ